Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

рег. 15 – 541
дата: 07.08.2014
Скопје

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

Сектор за односи со јавноста и информации од јавен карактер

Ул.Димче Мирчев бр.9 Скопје

Тел. (02) 3231557
Факс: (02) 3231370

www.mvr.gov.mk

До
**Анима Мунди**
**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање.-

Во однос на Вашето барање за „Укажување до сите полициски станици на територија на Република Македонија наведената одредба од член 29 од ЗППЈРМ да биде применувана како и до сега (пред иницијативата поведена од општина Аеродром)", би сакале да Ве увериме дека Министерството за внатрешни работи постапувало и ќе постапува согласно позитивните законски прописи насочувајќи ги своите напори претежно во делот на превентивното работење за сметка на репресивното. Во тој контекст би сакале да Ви укажеме дека наш приоритет ќе бидат предупредувањата и опомените, а не санкционирањето**. Оттаму, дозволете да се согласиме со вас дека на носење маска треба да се инсистира само во случаи кога кучето е со непредвидлив, или агресивен карактер и кога може да предизвика опасност по луѓето и другите животни.**
Би сакале да ве информираме дека на подрачјето на Скопје, од почетоков на годинава четири граѓани се пожалиле на повреди, односно дека биле нападнати и каснати од агресивни домашни миленици. Во овие случаи е поднесена соодветна пријава против сопствениците. Вкупно во 20 случаи од страна на СВР Скопје по истиот член се поднесени соодветни прекршочни пријави.
Целта на овој Закон е зголемување на безбедноста на граѓаните особено на најмладите и заштита на нивното здравје. Со оглед дека оваа цел е заедничка, Министерството за внатрешни работи Ви стои на располагање Вам и на сите граѓани за какви било сугестии и натамошна соработка.

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
Иво Котевски